02-100-2079/1 18-05-2020

комерцијална банка ад скопје

Кабинет на Управен одбор

ДО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Предмет: Известување

Почитувани,

Согласно член 6 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на РСМ бр.31 од 10.2.2020 година), Ве известуваме дека Управниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во законски утрдениот рок донесе одлука како приватен доверител Банката да не прифати примена на одредбите на Законот кои се однесуваат на отпис и репрограмирање на долгови

На деветнаесеттата седница на Собранието на Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење Македонска банкарска асоцијација, одржана на 13.05.2020 година во согласност со изјаснувањето на членовите, банките донесоа заеднички став за неприфаќање на отписот на камати по Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови кај физички лица. Имајќи го во предвид заедничкиот став од Собранието на Македонската банкарска асоцијација донесен врз основа на претходно спроведена анализа на секоја од банките и единствена аргументација за влијанието на предвидениот начин на отпис и репрограмирање на долгови, како и фактот што Комерцијална банка АД Скопје веќе долгогодишен период има донесено сопствени политики и одлуки за финасиски олеснувања на должниците физички лица кои се прилагодени спрема портфолиото на Банката, донесена е одлука за неприфаќање на одредбите на Законот.

Согласно член 8 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на РСМ бр.31 од 10.2.2020 година), Ве известуваме дека Управниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје донесе одлука како носител на платен промет Банката да прифати примена на одредбата на Законот која се однесува на трошоците за деблокирање на сметките и да се откаже од трошоците за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишани согласно одредбите на законот.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ 03

ГЛАВЕН ФИНАНСОВ ДИРЕКТОР

Маја Стевкова Штериева

Орце Николов 3, 1000 Скопје
т: (02) 3125 273, (02) 3125 274
факс: (02) 3247 477
e-mail: contact@kb.com.mk
www.kb.com.mk